# 109. ЗБОГОМ МАЈКО, ЈАС ОТИДОВ




Збогом, мајко, јас отидов,
денот јас да загинам.
Разделба ми срце мачи,
и пак ме тера да пејам.

Збогум татково огниште,
збогум, браќа и сестри.
Збогум, другари ем другарки,
стари и млади дечиња.

За последно збогум ви кажам,
последни пат ви пејам јас.
Било где ли јас да одам,
вас вечно ќе споминњам.

А за тебе, мила мајко,
јас ќе жалам ем тажам.
В туѓа земља непозната,
живот ле мајко ќе поминам.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995